Уп. бр. 08-173

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЈФХ ЛТД со седиште на адреса Агапинорос 2 & Арч. Макарио III, 2, ИРИС ТАУЕР, 4 кат, Стан/Канцеларија 403-405,1076, Никозија, Кипар доставено преку Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје на седницата одржана на ден 24.12.2025 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото АЈФХ ЛТД, со регистрирано седиште на Агапинорос 2 & Арч. Макарио III, 2, ИРИС ТАУЕР, 4 кат, Стан/Канцеларија 403-405,1076, Никозија, Кипар ќе стекне контрола врз АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА, со регистрирано седиште на Индустриско Населје б.б, Белград, Србија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.11.2025 година, а дополнето на ден 28.11.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото

друштвото АЈФХ ЛТД, со регистрирано седиште на Агапинорос 2 & Арч. Макарио III, 2, ИРИС ТАУЕР, 4 кат, Стан/Канцеларија 403-405,1076, Никозија, Кипар, со која АЈФХ ЛТД ќе стекне контрола врз АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА, со регистрирано седиште на Индустриско Насеље б.б, Белград, Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-АЈФХ ЛТД.** е инвестициска холдинг-компанија која примарно инвестира во приватни капитални вложувања и на јавните пазари. Портфолиото на АЈФХ ЛТД**.** се состои од инвестиции во кои таа делува или како единствен инвеститор, или како ко-инвеститор. АЈФХ ЛТД изгради диверзифицирано портфолио на инвестиции, со посебен фокус на здравствениот, инфраструктурниот и фармацевтскиот сектор. Покрај тоа, АЈФХ ЛТД одржува одредени инвестиции во недвижности.

Во рамките на АЈФХ Групацијата нема компании регистрирани во Северна Македонија. АЈФХ Групацијата не генерира никакви приходи во Северна Македонија.

-**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА** е српска прехранбена компанија со седиште во Белград, специјализирана за млеко и млечни производи. Имлек е регионална компанија која работи на териториите на Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Северна Македонија.

Портфолиото на производи на АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА опфаќа над 80 млечни производи, вклучувајќи млеко, јогурт, сирење, путер и пијалоци на растителна основа. Значајни брендови се Моја Кравица, Јогуд, Флерт и Баланс+.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА е присутен во Северна Македонија преку едно зависно друштво-**Млекара АД Битола** со регистрирано седиште на улица „Ѓурчин Наумов Пљакот” бр.1 , 7000 Битола, Република Северна Македонија, и регистрирана дејност-производство на млечни производи. Македонското зависно друштво на АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА обезбедува широк спектар од над 80 висококвалитетни млечни производи, развиени преку континуирани иновации и инвестиции во напредна технологија.

Предложената трансакција се однесува на релевантните пазари на производи: (i) пазарот ***за набавка на сурово (кравјо) млеко; (ii) пазар за производство на млеко и млечни***

***производи; и (iii) пазар за дистрибуција на млеко и млечни производи***на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**